СТАРТУВААТ ПОДГОТОВКИТЕ ЕКОНОМСКИ ЗОНИ СЛИЧНИ




ЗА ИНВЕСТИТОРИТЕ НАЈВАЖНА Е ЛОКАЦИЈАТА НА ЗОНАТА И ИНФРАСТРУКТУРАТА ВО И ОКОЛУ НЕА, КАКО И ПОВРЗАНОСТА НА ЗЕМЈАТА СО ОСТАТОКОТ ОД СВЕТОТ

# БЕСЦАРИНСКИТЕ ЗОН ПОБРЗО ОД ФАБРИКИ

**Без разлика што Брисел ѝ препорача на земјава, Владата не се откажува од бенефициите кои им ги нуди на странските компании што ќе инвестираат во слободните економски зони ниту, пак, има намера да ги намали. Засега, во игра остануваат старите правила, а тие се инвеститорите десет години да не плаќаат данок на добивка, пет години да имаат олеснувања во делот на персоналниот данок, да не плаќаат ниту комуналии ниту за поврзување на инфраструктурните мрежи за гас, електрична енергија и за вода во бесцаринските зони, кои ги гради државата.**

**Но факт е дека сè нема да биде по старо. Предвидено е Законот за технолошко-индустриски развојни зони да претрпи измени во делот на конкуренцијата. Станува збор за менување на даночните и на царинските привилегии, како и на помошта која ја ветува државава.**



Пишува: **Арсен КОЛЕВСКИ**

Друштво на "Џонсон контролс" и на "Џонсон Мети" во индустриско-технолошките зони "Скопје 1" и "Скопје 2" сакаат да им прават десеттина странски компании. Неофицијално, за влез во овие зони се заинтересирани руските производители на автомобили "АвтоВАЗ" и "ГАЗ", кои веќе побарале конкретни информации од македонските институции за условите под кои може да се работи во овие зони. Руските автомобилски гиганти ги скенираат условите за инвестирање во повеќе земји на Балканот. За влез во зоните е заинтересирана и "Меркавим интернешенл", најголемата транспортна компанија од Израел, која сака да гради фабрика за автобуси во "Бунарџик", а интерес постои и кај неколку индиски компании.

За странските инвеститори многу се битни и оперативните трошоци и висината на платата. Многу интересен за инвеститорите е данокот на доход, кој во Македонија од 2008 година ќе изнесува 10 отсто. Колку за споредба, во Полска е 19 отсто, во Чешка 24 отсто, а во Словенија 25 отсто. За инвеститорите е најважна локацијата на зоната и инфраструктурата во и околу неа, како и поврзаноста на земјата со остатокот од светот. Големите светски компании не се потпираат само на даночната политика. Повеќе од јасно е дека се потребни бенефиции за да се привлечат странски инвеститори. Владата одреди тарифник за корисниците на сите четири зони во Македонија, за кои смета дека е поконкурентен во споредба со останатите вакви зони во регионот и пошироко. Според тој тарифник, секој корисник на економска зона ќе треба да плаќа 5.000 евра паушал, 0,1 отсто од секоја извозна или увозна царинска декларација, плус и да плаќа според договорот за закупнина.

## БЕНЕФИЦИИ

Со измените во Законот ќе се намалат привилегиите кои им се нудат на инвеститорите, но глобално бенефициите остануваат во сила. Владата не се откажува од бенефициите кои им ги нуди на странските компании кои ќе инвестираат во слободните економски зони ниту, пак, има намера да ги намали, иако Брисел ѝ препорача на земјава тоа да го направи. И понатаму во игра остануваат старите правила, инвеститорите десет години да не плаќаат данок на добивка, пет години да имаат олеснувања во делот на персоналниот данок, да не плаќаат ниту комуналии ниту, пак, за поврзување на инфраструктурните мрежи за гас, електрична енергија и вода во бесцаринските зони, кои ги гради државава. Олеснувањата околу царините и даноците кои ги добиваат инвеститорите во бесцаринските зони беа причина за критика од страна

**Неколку пати преку стопанските комори и македонските компании побараа влез во индустриско-технолошките зони. Но, освен јавното барање за влез ниту една македонска компанија досега официјално не поднела вакво барање до институциите, ниту, пак, побарала конкретни информации, велат од Дирекцијата за слободни економски зони. Оттаму објаснуваат дека се форсираат странските инвеститори, но тоа не значело дека е затворен влез за домашните компании. Во Дирекцијата потенцираат дека за да не се создава нелојална конкуренција на македонскиот пазар (поради придобивките кои се нудат во зоните), предност за влез во зоните имаат компании со дејности кои не се присутни на нашиот пазар.**

# ЗА ИЗГРАДБА НА УШТЕ ДВЕ СЛОБОДНИ НА "БУНАРЏИК"



**СО ИЗГРАДБАТА НА НОВИ СЛОБОДНИ ЗОНИ И СО ПРОШИРУВАЊЕТО НА "БУНАРЏИК", МАКЕДОНИЈА СТАНУВА ПОАТРАКТИВНА ЗА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ**

**И евроамбасадорот Ерван Фуере ги коментираше забелешките на Брисел во врска со работењето на зоните.**

**"На состанокот на Комитетот за стабилизација и асоцијација во Брисел беа идентификувани некои области кои не се во согласност со европската легислатива. Главните забелешки се за даночните олеснувања, кои би можеле да бидат во спротивност со правилата за слободна пазарна конкуренција. Ги поддржуваме заложбите на Владата за стимулирање на инвестициите, но доколку се гарантира одржлив амбиент за инвестирање", изјави Фуере.**

# И "РАСТАТ" ТЕ ВО НИВ

на ЕУ, со образложение дека тие се донесени без нивна консултација и дека се спротивни на одредбите од Спогодбата за асоцијација. По повод овие критики македонската Влада излезе со став дека развојот на зоните не бил во спротивност со европската регулатива, поради што нема намера да ги намали бенефициите за странците, меѓутоа со измените во Законот за технолошко-индустриски развојни зони ќе се обиде да обезбеди порамноправен третман на инвеститорите.

"Владата ќе пристапи кон законски измени, меѓутоа тоа нема да значи намалување на бенефициите во слободните зони, туку ќе значи само порамноправен третман на сите учесници во зоните", изјави министерката за економија, Вера Рафајловска.

Измените во Законот треба да бидат готови до септември, но согласно со нив ќе нема измени на условите за инвестирање, туку ќе бидат трганати само две одредби, кои ќе се заменат со уредби. Предвидено е Законот за технолошко-индустриски развојни зони да претрпи измени во делот на конкуренцијата, што значи дека ќе се намалат некои од привилегиите кои им се нудат на инвеститорите во економските зони, но глобално бенефициите остануваат во сила. Станува збор за менување на даночните и на царинските привилегии, како и на помошта која ја ветува државата. Оценката на ЕК е дека овој Закон, кој е донесен без претходна консултација со Европа, е некомпатибилен со законите на ЕУ, поради што е неопходно тој, колку што може побрзо, да претрпи корекции, бидејќи би било многу подобро Законот да се менува откако странскиот инвеститор ќе влезе, како што е случај со "Џонсон контролс" и "Џонсон Мети".

## ПРОШИРУВАЊЕ

Покрај проширување на "Бунарџик" за 97 хектари, ќе се формираат и нови зони, иако нема конкретна најава дека некој нов инвеститор ќе вложува во нив. Засега е извесно само тоа дека годинава во скопската зона "Бунарџик" треба да никне фабриката на американскиот автомобилски гигант "Џонсон контролс", а има најава и за вложување на британскиот "Џонсон Мети". И покрај тоа, "Бунарџик" ќе се шири за уште 97 хектари, покрај постојните 130 хектари, а ќе се формира и нова зона во околината на Тетово. Со тоа во Македонија ќе има пет слободни економски зони, две во Скопје и по една во Тетово, Кавадарци и во Штип.

Во Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони велат дека се работи на инфраструктурата (електрична, гасоводна, водоводна мрежа) во "Бунарџик", што е неопходно за да профункционира производствениот капацитет на "Џонсон контролс". Одлуката за проширување на оваа зона и за отворање нови Владата ја оправдува со големиот интерес кај странските компании за вложување во земјава. Марјан Јованов, директор на Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони, вели дека проширувањето на постојните капацитети се прави и за да се заштеди време, кое е неопходно за да се регулираат имотно-правните односи и да се подготви инфраструктурата.

"Сакаме да го подготвиме теренот за потенцијалните инвеститори. Има голем интерес, а потребно е многу време за да се заврши комплетната документација и да се добие имотен лист за овие површини. Треба да се направи преадаптација на земјиштето од земјоделско во градежно. Потребно е време за да се обезбедат документи и да се изгради потребната инфраструктура. Сите овие постапки се долги и макотрпни. Најкус рок во кој може да се изведат е една година. Затоа одлучивме предвреме да почнеме со постапката за проширување на Технолошко-индустриско развојната зона "Скопје", со што целосно ќе се подготви теренот за потенцијалните инвеститори", објаснува Јованов.

Тој очекува до крајот на мандатот на оваа Влада Скопската зона да биде пополнета целосно, односно да бидат резервирани сите 139 хектари.

Јованов објаснува дека во зоната "Скопје 2", со површина од 140 хектари, во која порано стопанисувала земјоделската задруга "Илинден", земјиштето е во сопственост на државата. Во другата најавена зона, 81 хектар од земјиштето, на локалитетот Сараќино кај Тетово, е под државна капа, додека моментно во Дирекцијата работат на експропријација на останатите 16 хектари, кои се во приватна сопственост. Иако за Штипската слободна зона, во декември 2006 година Владата потпиша согласност за основање и го пренамени земјоделското земјиште во градежно, со што зоната влезе во урбанистичкиот план, според Јованов, сега засега интензивно ќе се работи на адаптирање на претходно спомнатите подрачја, кои би требало да се подготвени за инвеститорите до 2008 година.

**Единствената слободна зона која функционираше во земјава од неодамна е затворена. Па така, "Долина на никелот" во Кавадарци, каде што работи "Фени индустри" веќе не постои, зашто "Фени", комбинатот од Кавадарци не се прилагодил на новиот Закон за технолошко-индустриски зони. Поради тоа Владата ѝ го одзеде ексклузивитетот на зоната, која од 2002 година беше ослободена од плаќање даноци за репроматеријали, данок на добивка, ДДВ и други царински давачки.**

**Владиниот портпарол Ивица Боцевски тврди дека затворањето на слободната зона во "Фени" нема никаква врска со препораките на Европската унија да се намалат бенефициите во слободните зони.**